Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2023 година

Скопје, март 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2023 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на записниците од 134-та и 136-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 7, 8, 9 и 15 март 2023 година

- Агенда за дигитална трансформација

1. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука

2. Извештај во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт

3. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

4. Информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за одржување на системот за единствениот повикувачки број Е-112 и упатување на претставник на Центарот за управување со кризи во Постојаната делегација на Република Северна Македонија во седиштето на НАТО во Брисел

5. Информација за оправданоста на 43 нови вработувања предвидени во Годишниот план за вработување за 2023 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура-Железници на Република Северна Македонија-Скопје

6. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

7. Предлог-одлука за продажба на движни ствари-јачмен за сточна храна

8. Предлог-уредба за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите

9. Предлог-програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година

10. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Чедомир Димитров ул. „11 Октомври“ бр.9, Росоман, со Предлог-одлука

11. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „1558“ бр.18-А/Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука

12. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „1558“ бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука

13. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с. Љуботен, Штип, со Предлог-одлука

14. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка“, Општина Лозово, со Предлог-решение

15. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-доломитски мермер на локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар 5/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.273/22), со Предлог-одлука

16. Информација во врска со начинот на продажба на полупроизводите со посебна намена од страна на должникот Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври-Еурокомпозит“ АД Прилеп во стечај

17. Информација за донесување на одлука за определување на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење, со Предлог-одлука

18. Информацијата за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032, со текст на Долгорочен план

19. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Антовски и други против Северна Македонија А.бр. 68160/17, со Предлог-одлука

20. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи

21. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA", во Република Бугарија

22. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „NATO Mission Iraq-NMI" во Ирак

23. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Рибарство" на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, со Предлог-решение

24. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Растителна биотехнологија" на Земјоделски факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Предлог-решение

25. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2023 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

26. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Конче

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Лозово

29. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово

31. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани

32. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино

33. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зелениково

36. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово

37. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом-Кратово

39. Извештај за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни-декември 2022 година

40. Иницијатива од Насер Муареми и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.104/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 од Анексот за изменување на Колективниот договор за здравствена дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/19)

41. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2197 за КО Инџиково, идеален дел од КП бр.549/10, викано место/улица „Инџиково“

42. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19976, на КП бр.5616 и Имотен лист бр.16923, на КП бр.5613 и КП бр.5614 за КО Битола 1/2, викано место/улица „Довлеџик“

43. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.51755 за КО Калуѓерица, идеален дел од КП бр.2739 и Имотен лист бр.51752 за КО Калуѓерица, на КП бр.2718, викано место/улица „Плоча“

44. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93001 и Имотен лист бр.957773 за КО Чаир, на КП бр.2569, викано место/улица „Дижонска“

45. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52912, за КО Визбегово, на КП бр.1400, викано место/улица „Визбегово“

46. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53142 за КО Визбегово, на КП бр.1400/7, викано место/улица „Визбегово“

47. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53144 за КО Визбегово, на КП бр.1400/9, викано место/улица „Визбегово“

48. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10143, Имотен лист бр.12652, Имотен лист бр.12885, Имотен лист бр.9971, Имотен лист бр.9881 и Имотен лист бр.9970 за КО Сарај, на КП бр.11925, КП бр.11928, КП бр.11930, КП бр.11926, КП бр.11927 и КП бр.11929 викано место/улица „Сарај“

49. Понуда од нотар Весна Митровска од Крива Паланка за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8619, за КО Крива Паланка, на КП бр.375, викано место/улица „Партизанска“

50. Известување од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за Трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 21 март 2023 година, доставен под И.бр.1275/2017

51. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 21 март 2023 година, за продажба со усно јавно наддавање на недвижен имот со Имотен лист бр.887, за КО Ореовец, на КП 3248/2, доставен од под И.бр.2332/2013

52. Заклучок за Прва усна јавна продажба од извршител Премтим Ќерими, доставен под И.бр.1598/2022, која ќе се одржи на 20.3.2023 година

53. Заклучок од извршител Андреја Буневски од Скопје за усна јавна продажба, И. бр. 1666/19 која ќе се одржи на 30.3.2023 година, со кој се определува продажба со

усно јавно наддавање на недвижен имот-земјиште кое претставува КП бр. 1124/2, КО Горно Лисиче, евидентирано во Имотен лист бр.10531

54. Кадровски прашања

55. Прашања и предлози

56. Информација за ревидирање на Стратегијата за демографски политики 2015-2024 година

57. Извештај за реализација на Програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино

58. Извештај за реализација на буџетските средства за 2022 година, наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2020-2022 година

59. Информација за степенот на реализација на проектот „Изградба на фекална канализација за населено место Теарце", Општина Теарце, со План за реализација

60. Информација во врска со реализација на проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина" за период од ноември 2021 година до ноември 2022 година

61. Извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година (период јануари-декември)

62. Информација за План за наплата на побарувања на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје

63. Информација со план за воведување на сертификација на шумите по стандард FSC™ (FSC FM), со дополнување

64. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија-Скопје во период од 1.10 до 31.12.2022 година

65. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за четвртото тримесечје од 2022 година (од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година)

66. Годишен извештај за работа на Агенцијата за управување со одземен имот за 2021 година за 2021 година и Ревидиран финансиски извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2021 година

67. Извештај за трошење на средства од наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија, донесена на Владата на Република Северна Македонија на 29.11.2022 со бр.41-10551/5

68. Извештај за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка за топлинска енергија согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија донесена на Влада на Република Северна Македонија на 27.9.2022 со бр.41-8541/1

69. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2022 година

70. Годишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2021 година и ИПАРД Програма, со дополнувања

71. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

72. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр. 41-7523/1 од 30.08.2022 година (Општина Долнени)

73. Извештај на Општина Крушево за реализација на одобрените средства за исплата на штети од елементарни непогоди

74. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

75. Предлог-одлука за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2023 година

76. Информација во врска со изменување и дополнување на Одлуката за основање на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, со Предлог-одлука

77. Информација за мерки за решавање на проблемот со најранливите граѓани-Роми, од населено место Момин поток, исклучени од електродистрибутивната мрежа

78. Информација за завршени преговори помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната организација за криминалистичка полиција-Интерпол за

привилегии и имунитети за Педесеттата Европска регионална конференција, што ќе се одржи во Република Северна Македонија во 2023 година, со усогласен текст на Договор

79. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата

80. Информација за организирање на Педесеттата Европска регионална конференција на ИНТЕРПОЛ во мај 2023 година во Охрид

81. Предлог-програма за финансирање на патна инфраструктура за проектот-Коридор 8 и Коридор 10Д за 2023 година

82. Информација за лошата финансиска состојба на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и потребата од еднократна финансиска помош

83. Информација за потребата од склучување Договор за грант за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје", во врска со инвестициски грант од Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии и Европската инвестициона банка, со текст на Договор

84. Информација за активности во врска со Информацијата во однос на дејноста регулирано производство на топлинска енергија, доставена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, арх.број 11-403/1 од 27.2.2023 година, со Понуда

85. Информација за три мултилатерални принципи како дел од „Вториот самит за демократија во организација на Соединетите Американски Држави, Костарика, Холандија, Република Кореја и Република Замбија"

86. Информација за номинирање на кандидат за судија во Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог-одлука

87. Информација за исплата на пензии за март 2023 година

88. Информација за обезбедување дополнителни средства за реализација на проектите за изградба на магистрални гасоводи Делница „Гостивар-Кичево" и Делница „Свети Николе-Велес", како и интерконекцијата со Грција

89. Предлог-одлука за основање на Национална установа „Оркестар за џез музика во Република Северна Македонија"-Скопје

90. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за култура

91. Предлог-одлука за основање нова национална установа „Галерија на Гостивар“- Гостивар, Република Северна Македонија

92. Информација во врска со проектот за техничка помош и надзорен инженер наменета за имплементација на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“

*
*　　*

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 134-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7, 8 и 9 март 2023 година и Записникот од 136-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2023 година.

*
*　　*

**Агенда за дигитална трансформација**

-Информација за содржината на Предлог-концептот за дигитална трансформација на општеството

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Предлог-концептот за дигитална трансформација на општеството, ја усвои и го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да ги усогласи Нацртот на стратегијата за ИКТ, Нацртот на стратегијата за реформа на јавна администрација и Нацртот на стратегијата за сајбер безбедност со Концептот за дигитална трансформација на општеството.

*
*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Извештај во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за одржување на системот за единствениот повикувачки број Е-112 и упатување на претставник на Центарот за управување со кризи во Постојаната делегација на Република Северна Македонија во седиштето на НАТО во Брисел, ја усвои Информацијата и донесе Одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (за одржување на системот за единствениот повикувачки број за итни ситуации Е-112 во износ од 22.320.000,00 денари), која Министерството за финансии ќе ја подготви и достави до Владата и истата да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на 43 нови вработувања предвидени во Годишниот план за вработување за 2023 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура-Железници на Република Северна Македонија-Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да даде општа согласност/одобрение за 43 нови вработувања на неопределено време, кои се предвидени во Годишниот план за вработување за 2023 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура-Железници на Република Северна Македонија-Скопје, по претходно добиената општа согласност/одобрение од Министерството за финансии да објави јавен оглас за вработување на 43 нови лица на неопределено време, по работни места кои се предвидени во Годишниот план за вработување за 2023 година.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари-јачмен за сточна храна.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите.

**Точка 9**

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Чедомир Димитров ул. „11 Октомври" бр.9, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „1558" бр.18-А/Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „1558"

бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен, Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка“, Општина Лозово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка“, Општина Лозово.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-доломитски мермер на локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар 5/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.273/22), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-доломитски мермер по јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-доломитски мермер на локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар 5/2022.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со начинот на продажба на полупроизводите со посебна намена од страна на должникот Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври-Еурокомпозит“ АД Прилеп во стечај, ја усвои Информацијата и го задолжи претставникот на акциите по основ на државен капитал во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври-Еурокомпозит АД Прилеп во стечај, Александар Талимџиоски од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од три дена да го испрати добиениот одговор од страна

на Управата за наменско производство при Министерство за економија до стечајниот управник Љубица Зајкоска за понатамошно постапување.

**Точка 17**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на одлука за определување на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење, со Предлог-одлука.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032, со текст на Долгорочен план и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032, со заклучок Министерството за одбрана да ја усогласи со Министерството за финансии.

2. Го утврди Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032 со заклучок Министерството за одбрана да го усогласи текстот на Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032 со Министерството за финансии.

3. Пречистениот текст на Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032 согласно членот 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Антовски и други против Северна Македонија А.бр. 68160/17, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Финансиските средства во вкупен во износ од 3.240 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Антовски и други против Северна Македонија А.бр. 68160/17, најдоцна до 3 април 2023 година.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (санитетски возила).

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Бугарија.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „NATO Mission Iraq-NMI“ во Ирак.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Рибарство“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рибарство“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Растителна биотехнологија“ на Земјоделски факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Растителна биотехнологија“ на Земјоделски факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2023 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Точка 26**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (ООУ „Братство“, Скопје),

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (ООУ „Аврам Писевски“, с. Бардовци-Скопје) и

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (ООУ „Лазо Трповски“, Скопје).

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Конче (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Конче).

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Лозово (за потребите на ООУ „Методи Митевски-Брицо“, Лозово).

**Точка 29**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“, Кавадарци).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Кавадарци).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Димката Ангелов-Габерот“, с. Ваташа, Кавадарци).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Димката Ангелов-Габерот“, Кавадарци).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, Кавадарци).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Тошо Велков-Пепето“, Кавадарци).

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Кратово).

**Точка 31**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ОУ „Св.Кирил и Методиј“ ц.о., Кочани).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ п.о., с. Оризари, Кочани).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ООУ „Малина Попиванова“, Кочани).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ООУ „Никола Карев“, Кочани).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ООУ „Раде Кратовче“, Кочани).

**Точка 32**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Ибрахим Темо“, с. Стримница, Желино).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Луиѓ Гуракуќи“, с. Желино-Желино).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Фан Ноли“, с.Требош, Желино).

**Точка 33**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Атанас Нивичански“, с.Нова Маала, Василево).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ п.о., Василево).

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (за потребите на ООУ „Никола Карев“, Крушево).

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зелениково (за потребите на ООУ „Марко Цепенков“-Станица Зелениково).

**Точка 36**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с. Јосифово, Валандово) и

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (за потребите на ООУ „Јосип Броз Тито“, Валандово).

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (за потребите на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола).

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом-Кратово (медицинска опрема ФВ140Г2А).

## Точка 39

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни-декември 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Владата смета дека активностите и документите кои ги носи Националниот совет се во насока на подобрување на квалитетот во високото образование, науката и истражувањето.

Од целокупната работа на Националниот совет најмногу придобивки ќе имаат студентите, високообразовната и деловната заедница, преку подобрени квалификации и судиски програми.

Доставениот извештај претставува ретроспектива на реализираните активности за период јуни 2022 година до декември 2022 година, а прикажани се и планираните активности за период од јануари 2023 година до јуни 2023 година.

Согласно погоре изнесеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни-декември 2022 година.

## Точка 40

Владата ја разгледа Иницијативата од Насер Муареми и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.104/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 од Анексот за изменување на Колективниот договор за здравствена дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/19) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителите на Иницијативата ја оспоруваат уставноста и законитоста на член 1 од Анексот на Колективниот договор за здравствената дејност со кој се менува членот 73-а („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/19), бидејќи се повредуваат одредбите за еднаквост помеѓу членовите на работоводниот орган во јавните здравствени установи определени во членовите 104 и 105 од Законот за здравствената заштита.

Со оспорената одредба од Анексот на Колективниот договор за здравствената дејност според наводите на подносителите на иницијативата иако Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22) предвидува еднаков третман во поглед на правата и одговорностите на организацискиот директор и медицинскиот

директор, се определуваат помали права на организациските директори во однос на медицинските директори во однос на висината на основниот коефициент за определување на платата на организацискиот директор.

Колективниот договор за здравствената дејност е склучен во 2006 година, а со измените на Колективниот договор во 2007 година, со додавање на нов член 73-а за прв пат се определува коефициент на плата за директорите во јавните здравствени установи.

Со Анексот на Колективниот договор за здравствената дејност со кој се менува членот 73-а („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/19), за прв пат е внесена разлика помеѓу организацискиот и медицинскиот директор.

Според наводите на подносителите на Иницијативата со членот 73-а во поглед на висината на платата организациските директори се ставени во нерамноправна положба со медицинските директори, иако Законот за здравствената заштита во поглед на нивните права и обврски не прави разлика.

Исто така, подносителите на Иницијативата наведуваат дека условите и критериумите едно лице да биде именувано како директор се исти без оглед дали се работи за именување на здравствен работник за работоводен орган-директор или за лице со друг вид на образование и дека Законот за здравствената заштита не препознава разлика меѓу организациски и медицински директор.

2. Сите претходно наведени наводи од Иницијативата на подносителите, се во спротивност на одредбите од Законот за здравствената заштита.

Имено, во член 105 став 2 од Законот за здравствената заштита се определени условите кои треба да ги исполнува лицето кое може да се именува за медицински директор и тие се различни од условите кои треба да ги исполнува лицето кое може да се именува за организациски директор, кои се определени во членот 105 став 5.

Ставот 2, гласи:
„За медицински директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките науки, високо образование-дипломиран логопед, високо образование-специјалист по медицинска биохемија или завршени академски студии со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;
4) има минимум пет години работно искуство во здравствена установа;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
-ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
-ИЕЛТС (IELTS)-најмалку 6 бода,
-ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal)-најмалку Б2 (B2) ниво,
-ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First)-положен,
-БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода и
-АПТИС (APTIS)-најмалку ниво Б2 (B2).“

Ставот 5, гласи:
„За организациски директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има завршено високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент или завршени академски студии со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;
4) има минимум пет години работно искуство од економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
-ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
-ИЕЛТС (IELTS)-најмалку 6 бода,
-ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal)-најмалку Б2 (B2) ниво,
-ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First)-положен,
-БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода и“

Исто така, во членот 105 од Законот за здравствената заштита се определени и самостојните надлежности на директорите и тоа на медицинскиот директор во ставот 4, а на организацискиот директор во ставот 7, од кои се гледа дека тие се потполно различни.

Ставот 4, гласи:
„Медицинскиот директор е самостојно надлежен и одговорен особено за:
-организација на работата на здравствените работници и здравствените соработници;
-унапредување на дијагностичко-терапевтските постапки и квалитетот на здравствените услуги;
-примена на стручните упатства за медицина заснована на докази и
-економичност во укажувањето на здравствените услуги.“

Ставот 7 гласи:
„Организацискиот директор е самостојно надлежен и одговорен особено за:
-организацијата на работа во делот на работата на вработените во јавната здравствена установа кои не се здравствените работници и здравствените соработници;
-контрола на почитувањето на работното време од страна на сите вработени во јавната здравствена установа;
-материјално-финансиското работење на јавната здравствена установа;
-материјалното сметководство;
-одлучување за правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос на вработените во јавните здравствени установи;
-снабденост на јавната здравствена установа со потрошни материјали;
-наплата на сопствени приходи на јавната здравствена установа и
-наплата на учеството на осигурениците со лични средства во цената на здравствените услуги во јавната здравствена установа.“

3. Согласно претходното, јасно е дека не се точни наводите на подносителите на Иницијативата дека условите за именување и правата и обврските на организацискиот и медицинскиот директор се исти и затоа и коефициентите на плати треба да се исти, туку дека Законот за здравствената заштита предвидува различни услови за именување на едно лице за организациски и за медицински директор, различни надлежности на организацискиот и на медицинскиот директор и од тие причини во Колективниот договор е утврден и различен коефициент на плата на организацискиот и на медицинскиот директор.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 1 од Анексот на Колективниот договор за здравствената дејност со кој се менува членот 73-а („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/19) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за здравствената заштита, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Насер Муареми и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.104/22, за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 1 од Анексот на Колективниот договор за здравствената дејност со кој се менува членот 73-а („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/19).

## <u>Точка 41</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2197 за КО Инџиково, идеален дел од КП бр.549/10, викано место/улица „Инџиково“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 42

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19976, на КП бр.5616 и Имотен лист бр.16923, на КП бр.5613 и КП бр.5614 за КО Битола 1/2, викано место/улица „Довлеџик“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, Владата укажува, нотарот да се обрати до Општина Битола за продолжување на постапката на правото на првенствено купување на предметното земјиште.

## Точка 43

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.51755 за КО Калуѓерица, идеален дел од КП бр.2739 и Имотен лист бр.51752 за КО Калуѓерица, на КП бр.2718, викано место/улица „Плоча“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 44

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93001 и Имотен лист бр.957773 за КО Чаир, на КП бр.2569, викано место/улица „Дижонска“ и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52912, за КО Визбегово, на КП бр.1400, викано место/улица „Визбегово“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 46

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53142 за КО Визбегово, на КП бр.1400/7, викано место/улица „Визбегово“ и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53144 за КО Визбегово, на КП бр.1400/9, викано место/улица „Визбегово" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 48

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10143, Имотен лист бр.12652, Имотен лист бр.12885, Имотен лист бр.9971, Имотен лист бр.9881 и Имотен лист бр.9970 за КО Сарај, на КП бр.11925, КП бр.11928, КП бр.11930, КП бр.11926, КП бр.11927 и КП бр.11929 викано место/улица „Сарај" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 49

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Митровска од Крива Паланка за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8619, за КО Крива Паланка, на КП бр.375, викано место/улица „Партизанска" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 50

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за Трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 21 март 2023 година, доставен под И.бр.1275/2017 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 51

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 21 март 2023 година, за продажба со усно јавно наддавање на недвижен имот со Имотен лист бр.887, за КО Ореовец, на КП 3248/2, доставен од под И.бр.2332/2013 и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 52

Владата го симна од Дневен ред Заклучокот за Прва усна јавна продажба од извршител Премтим Ќерими, доставен под И.бр.1598/2022, која ќе се одржи на 20.3.2023 година.

## Точка 53

Владата по Заклучокот од извршител Андреја Буневски од Скопје за усна јавна продажба, И. бр. 1666/19 која ќе се одржи на 30.3.2023 година, со кој се определува продажба со усно јавно наддавање на недвижен имот-земјиште кое претставува КП бр. 1124/2, КО Горно Лисиче, евидентирано во Имотен лист бр.10531 го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 54

Владата заклучи:

**1.** Владата заклучи на Зоран Павловски, член на Регулаторната комисија за домување, да му престане функцијата пред истекот на мандатот, поради стекнување со услови за остварување на право на пензија.

**2.** Владата даде согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр.02-1539/1 од 17.3.2023 година со која го именува Арсим Хасани за вршител на должност директор на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

**3.** Владата го разреши Шпенд Таири од должноста вршител на должноста директор на Казнено-поправна установа Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

**4.** Владата го именува Зоран Јовановски за вршител на должноста директор на Казнено-поправна установа Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**5.** Владата го разреши Душко Арсовски од должноста портпарол на Влада на Република Северна Македонија, заклучно со 31 март 2023 година, на негово барање.

**6.** Владата ја разреши Оливера Нечовска од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**7.** Владата го именува проф. д-р Јетон Мазлами од Универзитетот на Југоисточна Европа за член на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

**8.** Владата донесе Одлука за поништување на Одлуката за распишување Оглас за именување државен правобранител на Република Северна Македонија.

**9.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на еден член на Регулаторната комисија за домување.

<u>Точка 55</u>

**1.** Владата, согласно член 22 став 2 од Законот за управни спорови, ги овласти Дарко Дојчински и Миле Стојановски од Министерството за труд и социјална политика да ја застапуваат Владата на Република Северна Македонија на рочиште, закажано за 22 март 2023 година, пред Управниот суд на Република Северна Македонија, заради учество во јавна расправа по предмет У-4 бр.577/2021, оформен по тужба на тужител Милан Петковски од Скопје.

**2.** Владата по повод официјалната посета на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски на Република Србија, на 30 и 31 март 2023 година, а со цел проследување на активностите од страна на претставниците на македонските медиуми поврзани со официјалната посета, заклучи:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за бројот на претставници на медиумите кои ќе патуваат во Република Србија.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на официјалната посета на Република Србија.

**3.** Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика да формира работна група за подготовка на Општ колективен договор за јавниот сектор.

**4.** Владата го разгледа Извештајот за искористеност на средствата добиени како финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, како материјал за информирање.

**5.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите, по скратена постапка, утврден на Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 ноември 2020 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 9 март 2023 година до 15 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, утврден на Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година, наместо претходно определениот претставник, м-р Абдулшуќур Абедини, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ја определи д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**8.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште, што Ви е доставен под горниот број и дата, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**9.** Владата ја одложи од разгледување Информацијата за подготовка на попис во земјоделството во Република Северна Македонија, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**10.** Владата го разгледа и одобри Барањето на согласност за набавка на мебел за медицински потреби од Јавна здравствена установа-Специјализирана болница за

превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за здравство за приоритетноста на набавката, со укажување предметните набавки да бидат направени во рамки на предвидените средства во буџетот на Јавната здравствена установа.

**11.** Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Владата за настанот во КПУ „Идризово"-Скопје, односно за копањето на тунел и за преземањето на соодветни активности во насока на зголемување на безбедноста во овој, како и во другите затвори.

**12.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на ветеринарството, безбедноста на храна и добиточна храна и фитосанитарна област во Западен Балкан, утврден на Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март 2022 година, наместо претходно определениот претставник м-р Абдулшуќур Абедини, Владата на Република Северна Македонија за претставник ја определи д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**13.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 9 март 2023 година до 15 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**14.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски изрази благодарност до сите институции и лица кои беа вклучени во организацијата на преговорите меѓу Република Србија и Република Косово, при што нагласи дека тоа што Република Северна Македонија беше домаќин на таков настан е историски момент за државата и одраз на стратешкиот однос на Република Северна Македонија со Соединетите Американски Држави.

**15.** По повод основањето на нови институции и потребата за пополнување со кадар во истите, Владата ги задолжи сите министерства, во иднина, да не доставуваат барања за вработувања до Министерството за финансии, а вработувањата во институциите да се реализираат преку преземања од други институции.

**16.** Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во иднина нивните мислењата по однос на понудите доставени од нотари и извршители да содржат конкретен став, односно државата дали има или нема интерес за купување на предметната недвижност.

**17.** Владата по Предлогот на закон за зоотехника (*), утврден на Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2022

година, наместо претходно определениот претставник м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ја определи м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а наместо претходно определениот повереник Абдилгафар Синани, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за повереник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ја определи Васе Симовска-Бошкова, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**18.** Владата по Предлогот на закон за нуспроизводи од животинско потекло (*), утврден на 115-та седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 декември 2022 година, наместо претходно определениот претставник м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ја определи м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**19.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 9 март 2023 година до 15 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**20.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи, по скратена постапка, утврден на Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година, покрај веќе определениот претставник Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ја определи и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**21.** Владата по Предлогот на закон за изменување на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, утврден на Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 ноември 2021 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи Љупчо Николовски, министер за

земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**22.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, утврден на Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 ноември 2020 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**23.** Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи ги информираше членовите на Владата дека Министерството за внатрешни работи ќе продолжи со давањето на податоци во однос на првоодделенците на Министерството за образование и наука, а Министерството за образование и наука ќе ги проследува тие податоци до сите општини, како и до сега.

**24.** Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи ги информираше членовите на Владата за започнување на постапката за склучување на меморандуми за соработка за интероперабилност со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, што подразбира разменување на податоци наместо хартиено по електронски пат.

**25.** Владата во врска со информирањето на м-р Кренар Лога, министер за правда, за спроведување на проектот за опремување и дигитализација на судовите со поддршка на амбасадата на Соединетите Американски Држави, надградба на системот АКМИС (Информациски систем за автоматско управување со судски предмети) и утврдување на соодветно софтверско решение за интероперабилност и размена на документи и податоци меѓу Министерството за внатрешни работи, судовите и обвинителството во државата, како и потребата од дополнителни вработувања во Министерството за правда, заклучи:

1) Ја потврди посветеноста и заложбата за спроведување на проектот за опремување и дигитализација на судовите, со поддршка на амбасадата на Соединетите Американски Држави.

2) Се задолжува Министерството за правда, како координатор на процесот, заедно со Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, да ја разгледаат состојбата со функционирањето на АКМИС системот и да утврдат соодветно решение (софтвер, со финансиска конструкција и опфат на институции), за интероперабилност и размена на документи и податоци меѓу Министерството за внатрешни работи, судовите и обвинителствата во државата.

3) Се задолжува Министерството за правда недостатокот од кадар (од 25 до 30 луѓе), да го реализира преку преземања од други институции.

**26.** Владата заклучи да се задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за добиените средства за 2022 година од ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства, да спроведе постапка за зголемување на основната главнина на Друштвото..

**27.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан, утврден на 104-та седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 ноември 2022 година, наместо претходно определениот претставник м-р Абдулшуќур Абедини заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ја определи м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**28.** Владата го разгледа Извештајот за искористени средства добиени како финансиска поддршка од Владата во 2021 година од Општина Дојран, како материјал за информирање.

**29.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција, утврден на Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 ноември 2020 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**30.** Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, утврден на Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јули 2021 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидирање на Стратегијата за демографски политики 2015-2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на буџетските средства за 2022 година, наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2020-2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектот „Изградба на фекална канализација за населено место Теарце“, Општина Теарце, со План за реализација, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина“ за период од ноември 2021 година до ноември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Извештајот за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година (период јануари-декември), како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за План за наплата на побарувања на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата со план за воведување на сертификација на шумите по стандард FSC™ (FSC FM), со дополнување, како материјал за информирање, доколку предлагачот истата ја усогласи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во смисла на непоклопување на површините за сертификација со оние кои се предвидени со новиот ИПА проект, финансиран од Европската Унија и Министерството за животна средина и просторно планирање достави мислење по истата.

**Точка 64**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија-Скопје во период од 1.10 до 31.12.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува ЈП Национална радиодифузија-Скопје, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави информација со предлог за подобрување на финансиската состојба на Јавното претпријатие.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за четвртото тримесечје од 2022 година (од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година), како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за управување со одземен имот за 2021 година за 2021 година и Ревидираниот финансиски извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, согласно укажувањата на Министерството за финансии, се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот, во најкус можен рок, да подготви и до Владата да достави информација во врска со преземените мерки и активности за отстранување на констатираните недостатоци од независниот ревизор, како и да се почитува законскиот рок за доставување на предметниот извештај и ревидираниот финансиски извештај за 2021 година, имајќи предвид дека крајниот рок за доставување на истите, 31 мај 2022 година, е веќе изминат.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија, донесена на Владата на Република Северна Македонија на 29.11.2022 година со бр.41-10551/5, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка за топлинска енергија согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со

топлинска енергија донесена на Влада на Република Северна Македонија на 27.9.2022 година со бр.41-8541/1, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2021 година и ИПАРД Програма, со дополнувања, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да достави дополнување кон Акцискиот план во кое ќе бидат наведени податоци за тоа кои од наодите на Државниот завод за ревизија се повторуваат повеќе години, а по истите сѐ уште не е постапено.

**Точка 72**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот на Општина Крушево за реализација на одобрените средства за исплата на штети од елементарни непогоди, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2023 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изменување и дополнување на Одлуката за основање на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, со Предлог-одлука и условно ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, со заклучок текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 77**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за мерки за решавање на проблемот со најранливите граѓани-Роми, од населено место Момин поток, исклучени од електродистрибутивната мрежа.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за завршени преговори помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната организација за криминалистичка полиција-Интерпол за привилегии и имунитети за Педесеттата Европска регионална конференција, што ќе се одржи во Република Северна Македонија во 2023 година, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната организација за криминалистичка полиција-

Интерпол за привилегии и имунитети за Педесеттата Европска регионална конференција, што ќе се одржи во Република Северна Македонија во 2023 година.

2. Се определува министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната организација за криминалистичка полиција-Интерпол за привилегии и имунитети за Педесеттата Европска регионална конференција, што ќе се одржи во Република Северна Македонија во 2023 година.

**Точка 79**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за организирање на 50. Европска регионална конференција на ИНТЕРПОЛ во мај 2023 година во Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за култура, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да номинираат претставници со контакт податоци (име и презиме, е-адреса и контакт-телефон) за натамошна координација и комуникација во однос на организирањето и одржувањето на 50.Европска регионална конференција и номинациите да ги достават до Министерството за внатрешни работи, во рок од седум дена, по редовен пат, како и на електронската маил адреса (50ERC@moi.gov.mk).

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди шест идентични возила и возачи, кои ќе бидат на располагање за време на одржувањето на 50. Европска регионална конференција на ИНТЕРПОЛ во мај 2023 година, во Охрид.

**Точка 81**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот-Коридор 8 и Коридор 10Д за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за лошата финансиска состојба на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје и потребата од еднократна финансиска помош, за наредната седница на Владата, поради потребата Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје да одржат состанок за изнаоѓање на соодветно решение за проблемот со кој се соочува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување Договор за грант за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, во врска со инвестициски грант од Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии и Европската инвестициона банка, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант од заедничкиот фонд за европски Западен Балкан за проектот „Северна Македонија, Пречистителна станица за отпадни води Скопје“ помеѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициона банка.

2. Се овластува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, да го потпише Договорот за грант од заедничкиот фонд за европски Западен Балкан за проектот „Северна Македонија, Пречистителна станица за отпадни води Скопје“ помеѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициона банка.

3. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Договорот за грант од заедничкиот фонд за европски Западен Балкан за проектот „Северна Македонија, Пречистителна станица за отпадни води Скопје“ помеѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициона банка.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за активности во врска со Информацијата во однос на дејноста регулирано производство на топлинска енергија, доставена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, арх.број 11-403/1 од 27.2.2023 година, со Понуда и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да го задолжи ЕСМ производство на топлина ДООЕЛ Скопје, да склучи договор за закуп на основни средства за производство на топлинска енергија со сопственикот на Адора инженеринг ДООЕЛ експорт импорт Скопје, согласно доставената понуда.

2. Се препорачува на ЕСМ производство на топлина ДООЕЛ Скопје да поднесе барање до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за издавање на лиценца за дејноста производстцо на топлинска енергија, како би се обезбедило непрекинато вршење и сигурност во снабдување на топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за три мултилатерални принципи како дел од „Вториот самит за демократија во организација на Соединетите Американски Држави, Костарика, Холандија, Република Кореја и Република Замбија", со усогласени текстови на трите мултилатерални принципи

1. Ги прифати усогласените текстови на трите мултилатерални принципи како дел од „Вториот самит за демократија во организација на Соединетите Американски Држави, Костарика, Холандија, Република Кореја и Република Замбија".

2. Се овластува м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, пред одржување на Вториот самит за демократија на 29 и 30 март 2023 година, да го извести организаторот на Самитот за демократија, не подоцна од 22 март 2023 година, дека Владата на Република Северна Македонија дава поддршка за текстот на трите мултилатерални принципи, како дел од активностите на „Вториот самит за демократија во организација на Соединетите Американски Држави, Костарика, Холандија, Република Кореја и Република Замбија".

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за номинирање на кандидат за судија во Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за номинација на кандидат на Република Северна Македонија за судија во Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за март 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 27.3.2023 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со мартовските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 28.3.2023 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-за пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 28.3.2023 година (вторник),

-за пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 29.3.2023 година (среда),

-за пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 30.3.2023 година (четврток) и

-за пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 31.3.2023 година (петок).

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување дополнителни средства за реализација на проектите за изградба на магистрални гасоводи Делница „Гостивар-Кичево“ и Делница „Свети Николе-Велес“, како и интерконекцијата со Грција, ја усвои Информацијата (Секретаријат за законодавство-ненадлежна) и му укажа на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост во соработка со Министерството за финансии за финансирање на проектите за изградба на Интерконекција МК-ГР и магистралните гасоводи, Делница „Гостивар-Кичево“ и Делница „Свети Николе-Велес“ да достават барање до ЕБОР за зголемен заем во вкупен износ од 98.607.000 евра, обезбеден со државна гаранција и да побараат од ЕБОР да биде водечка финансиска институција за подготовка и поднесување на апликација во рамките на ИПА инструментот Западен Балкан Инвестициска рамка (WBIF) за обезбедување на инвестициски грант за проектот-Интерконекција со Грција во висина до 20% од вкупните потребни средства, со цел износот на заемот да се намали зависно од износот на инвестицискиот грант кој ќе се одобри од WBIF.

## Точка 89

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за основање на Национална установа „Оркестар за џез музика во Република Северна Македонија“-Скопје и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерство за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи за Националната установа „Оркестар за џез музика во Република Северна Македонија“-Скопје да не се доставуваат барања за вработување до Министерството за финансии, а вработувањата во институцијата да се реализираат преку преземања од други институции.

## Точка 90

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за култура, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 91

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за основање на Национална установа „Галерија на Гостивар“-Гостивар, Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проектот за техничка помош и надзорен инженер наменета за имплементација на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од седум дена да достави официјално известување со образложение до Секторот за централно финансирање и склучување договори за изземање на проектот за техничка помош и надзорен инженер наменета за имплементација на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, од планот за јавни набавки за повеќегодишната акциска програма (2014-2020) за Секторот транспорт.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје во рок од десет дена да побара номинации за формирање на две работни групи составени од членови од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за подготовка на тендерската документација за проектот за техничка помош и на тендерската документација за надзорен инженер на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“.

3. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, преку работната група, да ја подготви тендерската документација за проектот за техничка помош наменета за имплементација на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, најдоцна до 20 април 2023 година.

4. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, преку работната група, да ја подготви тендерската документација за надзорен инженер на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, најдоцна до 20 април 2023 година.

5. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, по добивањето одобрение од Европската инвестициска банка за доставената тендерска документација во рок од седум дена да го објави тендерот за Проектот за техничка помош наменета за имплементација на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, во Службениот весник на Европска Унија и два дневни весници во Република Северна Македонија, согласно Водичот за набавки на Европската инвестициска банка со суспензивна клаузула иако финансиската конструкција не е формално обезбедена.

6. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, по добивањето одобрение од Европската инвестициска банка за доставената тендерска документација, во рок од седум дена да го објави тендерот за надзорен инженер на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, во Службениот весник на Европска Унија и два дневни весници во Република Северна Македонија, согласно Водичот за набавки на Европската инвестициска банка со суспензивна клаузула иако финансиската конструкција не е формално обезбедена.

7. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, во рок од 30 дена по објавувањето на тендерот да побара номинации за формирање на комисија со членови назначени од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за транспорт и врски (по еден член од секоја институција- вкупно три), со квалификации согласно проектната задача изработена од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје во соработка со водечката меѓународна финансиска институција-Европска инвестициска банка, чија задача ќе биде евалуација на ограничената тендерска постапка (во фаза на претквалификација и во фаза на квалификација) и подготовка на извештај за евалуација за секоја фаза од тендерската постапка за избор на техничка помош наменета за имплементација на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“.

8. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, во рок од 30 дена по објавувањето на тендерот да побара номинации за формирање на комисија со членови назначени од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за транспорт и врски (еден член од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје и по два члена од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за транспорт и врски-вкупно пет), со квалификации согласно проектната задача изработена од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје во соработка со водечката меѓународна финансиска институција-Европска инвестициска банка, чија задача ќе биде евалуација на ограничената тендерска постапка (во фаза на претквалификација и во фаза на квалификација) и подготовка на извештај за евалуација за секоја фаза од тендерската постапка за избор на надзорен инженер на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“.

9. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена да ја известат Владата за новата проценета вредност на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница

од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“ извршена од страна на консултантот Конекта.

10. Се задолжува Министерството за финансии веднаш по добивањето на новата проценета вкупна вредност на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“ да ги извести Европската инвестициска банка и Европската банка за обнова и развој за истата и да побара потврда од банките дека ќе го обезбедат дополнителниот износ на финансиски средства за да се затвори финансиската конструкција за инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“.

11. Се задолжува Министерството за финансии веднаш по добивање на позитивен одговор од страна на Европската инвестициска банка и Европската банка за обнова и развој, да ја отпочне постапката за обезбедување на заемите од двете банки.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:30 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |